ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-194/1
13-01-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-та седница одржана на ден 30.12.2025 година донесе

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-1847/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1847/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1847/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето__________ по престанок на функцијата _______.

Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во Службениот весник на РСМ, по што констатира дека лицето ___________ е разрешено од вршење на функцијата ________________ со Решение бр.18-4757/1 од 06.05.2025 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ" бр.10/25.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во врска со ова, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека лицето ____________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата ____________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на ______________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-1847/4 од 16.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1847/5 од 16.09.2025 година, по што истите се уредно примени од страна на наведеното лице на ден 22.09.2025 година. Истата на ден 23.09.2025 година извршила уплата на половина од законски предвидената глоба во рок од 8 дена, видно од Изводот за промет и состојба на сметка, изваден од e-obvrski@finance.gov.mk на Министерството за финансии, за извршената уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупција одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

**Изготвил:** К.Б соработник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, раководител на одделение
**Согласен:** К.З, раководител на сектор
**Одобрил:** З.Б.член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk